Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
СКОПЈЕ
Примено: 26.08.2021
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
0401-177/1

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР И РЕ-ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМАШТВО НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во насловно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 22.06.2021 година, за избор и ре-избор на наставник во наставно звање на Висока стручна школа, за наставната областа Претприемаштво и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, дел. бр. 0205-166/3 донесена на 08.07.2021 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Таип Јакупи професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, проф. д-р Лидија Стефановска, професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, проф. д-р Тони Соклевски, професор на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор и ре-избор на наставници во наставно звање за наставната област Претприемаштво, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: м-р Горазд Смилевски.

## М-р Горазд Смилевски

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот *м-р Горазд Смилевски* е роден на 27.07.1974 во Скопје, Р.С. Македонија. Средно образование завршил во УСО Раде Јовчески Корчагин (1988 - 1992), дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (1995 – 2001) г. и се стекнал со титулите Професор по англиски јазик и Професор по албански јазик. Кандидатот своето образование го продолжил на ИСППИ, УКИМ во периодот од

2008 до 2012 година и се здобил со звањето Магистер по менаџмент на човечки ресурси.

Кандидатот се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, а добро ги владее и албанскиот и бугарскиот јазик. Исто така поседува ИТ вештини од областа на: Microsoft Office, Adobe Photoshop, CorelDRAW

Моментално работи во Бизнис Академијата Смилевски – БАС Скопје.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот негов избор, па се до денот на неговата Пријава по објавениот Конкурс, а сето тоа врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно - образовната дејност во 2013 година е избран во наставното звање предавач на висока стручна школа за наставните области Претприемаштво и Консалтинг менаџмент.

Во 2017 година е избран во наставното звање Виш предавач на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво. Истата година е избран и за Виш предавач на висока стручна школа за наставната област Консалтинг менаџмент.

Кандидатот како член на комисии учествувал во повеќе: специјалистички трудови и дипломски работи.

### Научно истражувачка дејност

Во периодот од 2017 па се до објавувањето на Конкурсот, кандидатот има објавено научни и стручни трудови. Меѓу кои:

### Научни трудови

- Ѓоргиевски И. Смилевски Г., 2021, *Модел на дигитализирана настава*, Зборник на трудови од меѓународната научна конференција Современите

менаџерски предизвици и организациските науки, со тематски фокус *Дигитализацијата и сајбер безбедноста како менаџерски предизвици*, ISBN 978 – 608-4729-10-5, стр. 297-301;

- Смилевски Г., Смилевски Ц., 2018, *Објективизација на субјективните перцепции во консултантската пракса (Objectivization of subjective perceptions in consulting practice*), Зборник на трудови од седмата меѓународна научна – стручна конференција за лидерство, ПИЛЦ 2018, со тематски фокус *Од претприемач до лидер*, Опатија 2018 г.,

**Стручни трудови**

- Смилевски Г., Смилевски Ц., 2021, *Глобален виртуелен модел на студирање на БАС* од Зборник на трудови БАС Симпозиум, Менаџментот и современите практики, со предметен фокус Успешни практики во време на пандемија и идни менаџерски предизвици, ISBN 978-608-4690-21-4, стр. 108-112;

Кандидатот има учествувано на стручни, научни собири (симпозиуми, конференции и сл.) и други настани (форуми, трибини, панели, дебати и сл.) организирани од страна на БАС;

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во однос на стручно – апликативната и дејноста од поширок интерес, кај кандидатот се истакнуваат следните активности:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | Гевгелија | OSCE Human Dimension | Фасилитатор | Единствен буџетски предлог 2018 година (Unified Budget Proposal 2018) |
| 2017 | Струга | OSCE PDU (ОСЦЕ ПДУ) | Фасилитатор | Повлекување на тимот (Team Retreat) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | Скопје | HOPS (ХОПС) | Консултант | Организациско реструктурирање (Organizational Restructuring) |
| 2017 | Разлог, Бугарија | (СОС Детско село) SOS Detsko Selo | Фасилитатор | Тимбилдинг, Вредности (Teambuilding, Values) |
| 2017 | Пеја, Косово | Фондацијата Конрад Аденауер (Konrad Adenauer Stiftung) | Фасилитатор | Карактеристики на личност Тимска работа и тимско здружување (Personality traits Teamwork and Teambuilding) |
| 2017 | Скопје | Фондацијата Конрад Аденауер (Konrad Adenauer Stiftung) | Фасилитатор | Карактеристики на личност Тимска работа и тимско здружување (Personality traits Teamwork and Teambuilding) |
| 2017/18 | Скопје | УСАИД/ДЕТРА | Обучувач/Тим лидер | Обука за управување со проектниот циклус (Project Cycle Management Training) |
| 2018 | Охрид | Фондацијата Конрад Аденауер (Konrad Adenauer Stiftung) | Обучувач | Идентификување на основните вредности на Мрежата на КАС дипломирани студенти на (identifying Core Values of KAS Graduates Network) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2020-2021 | Охрид Тетово Куманово | Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) му додели на ХЕЛВЕТАС мандат за спроведување на проектот Образование за вработување во Северна Македонија. | Консултант и обучувач | Проучување на проектните документи Анализа на содржината на институционалните документи на РЦСОО - Тетово Спроведување аудит проценка на состојбите во РЦСОО – Тетово Фокусирана дијагноза на РЦСОО – Тетово Фокус група со ментори и оперативни менаџери Изработка на нацрт институционален извештај за РЦСОО – Тетово |

**Оценка од евалвација**

Кандидатот м-р Горазд Смилевски за својата досегашна изведба на наставата и неговиот квалитет, секогаш добивал солидни оценки од страна на студентите кои ја следеле неговата настава по предметите од наставната област Претприемаштво на Бизнис академија Смилевски – БАС.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Горазд Смилевски.

Врз основа на предвидените услови за избор и ре-избор во наставно звање на висока стручна школа, кандидатот м-р Горазд Смилевски ги има исполнето основните и дополнителните критериуми за ре-избор предвидени според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор и ре-избор во наставни, насловни и соработнички звања Бизнис Академијата Смилевски БАС Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот Комисијата заклучи дека м-р Горазд Смилевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, насловни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС и ги исполнува сите услови да биде ре-избран во наставно звање Виш. предавач на висока стручна школа, за наставната област Претприемаштво..

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС, м-р Горазд Смилевски да биде ре-избран во наставно звање Виш предавач на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво.

Скопје, август, 2021

**Рецензентска комисија:**

Проф. д-р Таип Јакупи;

Проф. д-р Лидија Стефановска;

Проф. д-р Тони Соклевски;